РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-537/4
24.02 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

До
**Лидија Митовска**
**Одговорно лице за слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**П Р Е Д М Е Т: Достава на Одговор на Барање за достава на информации**
**Врска:бр. 18-537/2 од 21.02.2022 година**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за достава на информации со број 18-537/2 од 21.02.2022, со овој допис Ве информираме дека Општина Крива Паланка во делот на социјалната заштита, а во рамките на Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, Ви ја доставуваме следната документација;

1. Под прашањето со реден број 2 одговорот е Да, во Програмата за социјална детска и здраствена заштита за 2022 година од Општина Крива Паланка во делот за социјална заштита под реден број 4 имаме предвидено „помош и подршка за жени и лица жртви на семејно насилство".
2. **Прашањето под реден број 3 „Општина Крива Паланка има пројавено интерес на повикот за Подобрување на социјалните услуги преку МТСП, апликацијата беше одобрено и успешно се имплементира".**
(Проектот опфаќа воспоставување на услугата односно сертифицирање на 20 негователки за стари и изнемоштени лица, набавка на моторно возило за испорака на услугата, опремување на просторија и опрема за негователките и испорака на услугата односно грижа и нега на стари и изнемоштени лица во домашни услови на територија на Општина Крива Паланка).

Прилог: Документи од горенаведеното.

Изготвил:Елена Христовска

**Антонио Давитковски**
**Раководител на**
**Одделение за јавни дејности,**
**економски развој и информатичка технологија**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 22 став 1, точка 7, член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), Член 6 став 3, Член 11 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21),Член 2, точка 3 и Член 9 од Законот за Заштита на деца („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и Член 14 точка 11 од („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден __.__.2021 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА,ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## В О В Е Д

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес кој се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните за спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебнона зајакнување на капацитетите за водење на самостоен живот. Горенаведените состојби ги дефинираме како ризици по основ на мајчинство, болест, смрт, повреда и попреченост.Транзиционите периоди во Република Македонија и во Општина Крива Паланка предизвикуваат системот на социјална заштита да се прилагодува на ново настанатата сосотојба односно проблеми, пад на животниот стандард, намален бруто домашен производ кои предизвикуваат спроведување на низа реформски процеси во областа на социјалната заштита.Со стапување во сила на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита и со негово изменување,голем дел од надлежностите преминуваат непосредно на локално ниво.Тоа претставува мошне значаен, но и напорен чекор кој пред се претставува процес на зајакнување на капацитетите на субјектите во локалната заедница.За поддршка на Општината во креирање и планирање на активностите и целите за изработка на Програма за Социјална заштита,детска и здраствена заштита за 2022 година,а врз основа на новиот Законот за социјална заштита во Член 141 е формиран Општински совет за социјална заштита кој има за цел мапирање на социјалните проблеми на ранливи групи во општината, да изврши анализа на сегашната состојба и капацитетите и расположливите социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјални услуги во општинатаза да се дадат квалитетни индикатори за следење и анализа на социјалните аспекти на човечкиот развој на национално односно на локално ниво конкретно во областа на Социјалната заштита.

**ГЛАВНА ЦЕЛ**

**Главнацел на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита се:**

-Активна соработка со институциите на локално и национално ниво, со невладиниот и приватниот сектор.

-Изнаоѓање форми за квалитетно живеење на лицата кои имаат потреба од социјална заштита.

-Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи на граѓани.

-Подобрувањена животниот стандард на населението во општината.

-Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница.

-Инклузија на деца со попреченост во редовниот процес на образование.

-Социјално вклучување на пазарот на трудот на невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување-Крива Паланка.

-Остварување и унапредување на човекови права на лицата со социјален ризик.

-Донесување на Одлуки согласно законските прописи за потикнување на еднакво учество и вклучување во граѓанското општество без дискриминација.

-Развивање на социјални сервисни служби во местото на живеење според принципите на изедначување на можностите на лицата во ризик согласно законските прописи.

-Меѓународна соработка во реализација на проекти од областа на детска, социјална и здраствена заштита.

ЦЕЛНИ ГРУПИ СПОРЕД ОБЛАСТИ

**1.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

-Лица кои се социјално загрозени,бездомни лица;

-Лица кои се приматели на одредена помош од ЈУ МЦРС кои се неспособни за работа или им е одземнена работната способност;

-Стари и изнемоштени лица без семејна грижа;

-самохрани родители

-Лица со интелектуална, телесна попреченост и друг вид на попреченост;

-лица жртви на семејно насилство

-Лица со интелектуална попреченост кои сештитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост;

-Невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување во Крива Паланка;

**2. ДЕТСКА ЗАШТИТА**

-Деца со воспитно социјални проблеми;

-Деца без родители и родителска грижа;

-Деца на улица;

-Деца на самохрани родители;

-Деца со интелектулана и телесна попреченост;

-Деца со одредена попреченост интегрирани во редовниот процес на образование;

-Деца вклучени во воспитно предучилишното образование;

**3.ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА**

-Возрасна категорија на граѓани над 62 и 64 години;

-Деца на самохрани родители;

-Деца на семејства кои се социјално загрозени;

-Деца кои ја посетуваат предучилишната воспитно-образовна установа;

-Ученици во основното и средното образованаие;

2. **Активности во областа на детската заштита**

-помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства,

-помош и поддршка на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ „Детелинка ",

-помош и поддршка на ученици/чки во основното и средното образование кои потекнуваат од социјално загрозени семејства,

-ослободување од финансиски средства, а за учество на организирани екскурзии во училиштата на деца кои се од социјално загрозени или еднородителски семејства,

-субвенционирање на матуранти од социјално загрозени семејства и еднородителски семејства,

- доделување на надоместок на секое новороденче,запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка,

-право на партиципација во ОЈУДГ „Детелинка" се остварува на дете на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална плата,

-новогодишни пакетчиња за децата.

## АКЦИОНЕН ПЛАН,ВРЕМЕНСКА РАМКА И БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

### 1.Активности во областа на социјалната заштита

| Област1 | Активности | Финанскиски средства-општина | Финансиски средства-други донатори | Рок на имплементација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | еднократна парична помош за основни животни потреби, обезбедување на огревно дрво,елементарни непогоди, обезбедување на градежни материјали и други потреби за подобрување на условите за живеење. | 300.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 2 | еднократна парична помош за домување на семејства кои немаат сопствено живеалиште. | 100.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 3 | живеење со поддршка на стари, изнемоштени лица и лица со попреченост во посебни станбени единици. | 60.000,00 МКД | 600.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 4 | -помош и поддршка за жени и лица жртви на семејно насилство | 300.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 5 | соработка и помош налица со интелектуална попреченост и телесни инвалиди. | 50.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 6 | помош и поддршка на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост | 30.000,00 МКД | | 3-ти Декември 2022 |
| 7 | обезбедување на семејна поддршка преку соодветни сервиси за поддршка во домашни услови. | 100.000,00 МКД | 1.000.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 8 | ангажирање на невработени лица преку Програмата на Општинско корисна работа | 300.000,00 МКД | 500.000,00 МКД | Во текот на годината. |

2.**Активности во областа на детската заштита**

| Област 2 | Активности | Финансиски средства од општина | Финансиски Средстваоддонатори | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | -помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | 50.000,00 МКД | | Во текот на годината |
| 2 | -помош и поддршка на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка " | 30.000,00 МКД | 270.000,00 МКД **МТСП** | Во текот на годината |
| 3 | -помош и поддршка на ученици/ученички во основното и средното образование кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | 30.000,00 МКД | | Во текот на годината |
| 4 | -ослободување од финансиски средства, а за учество на организирани екскурзии во училиштата на деца кои се од социјално загрозени или еднородителски семејства | 100.000,00 МКД | | Во текот на годината |
| 5 | субвенционирање на матуранти/тки од социјално загрозени семејства и еднородителски семејства | 45.000,00 МКД | | Мај-Јуни 2022. |
| 6 | доделување на надоместок на секое новороденче,запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка | 500.000,00 МКД | | Во текот на годината |
| 7 | право на партиципација во ОЈУДГ „Детелинка" се остварува на дете на самохрани родители со плата и | 100.000,00 МКД | | Во текот на годината |

3.**Активности во областа на здраствена заштита**

| Област 3 Здраствена заштита | Активности | Финансиски средстваод општина | Финансиски средства од донатори | Рок на имплементација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести | 120.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 2 | еднократна парична помош на стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување | 100.000,00 МКД | Во текот на годината. | еднократна парична помош на стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување |
| 3 | формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, даунов синдром..) | 30.000,00 МКД | 300.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 4 | мобилна амбуланта за давање на превентивни, здравствени, социјални, психолошки и советодавни услуги во домашни услови од страна на стручен тим | 100.000,00МКД | 300.000,00МКД | Во текот на годината. |
| 5 | здраствено воспитување на населението преку организирање на едукативни трибини | 10.000.00МКД | | Во текот на годината. |
| 6 | здраствено воспитување на деца и | 10.000,00 МКД | | Во текот на годината. |

## ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата потребни за реализација на Програмата за социјална, здраствена и детска заштита за 2022 година ќе се обезбадат од Буџетот на Општина Крива Паланка, средствата добиени преку апллицирање од Министерството за труд и социјалана полититка на Република Северна Македонија, средства добиени од УНДП, грантови добиени од организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Крива Паланка се грижи за обезбедување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита.

Општина Крива Паланка преку Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе го следи спроведувањето на програмата, ќе покренува иницијативи, дава мислења и дава предлози во врска со остварување на предвидените активности.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година не е конечна и истата може да се надополнува тековно согласно новонастаната состојба, имајќи го предвид функционирањето и во услови на корона вирус.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година во принцип е родово сензитивна затоа штобуџетската алокација на средства во тритеобласти (социјалната, детската и здравствената заштита) е во дирекна корелација со најранливите категории на граѓани и граѓанки во заедницата и нивните потреби и приоритети.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Бр.09-3711/59
03.12.2021 година
Крива Паланка

Совет наОпштина Крива Паланка
Претседател
Изабела Павловска

10-7314/1

Бр. 21

08-3401/2
25.11 20

11- 2020

# ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

**Број на Договор за заем : #8902-МК**

**Договор за грант број: 9/2020**

Склучен помеѓу

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

(во понатамошниот текст „Министерство")

И

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
(во понатамошниот текст „Општина")

И

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА /ПРОВАЈДЕР
Црвен Крст на Република Северна Македонија-ОО „Крива Паланка"
(во понатамошниот текст „Давател на услуга")

ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ
18 Ноември 2020 година, Скопје

## ДОГОВОР ЗА ГРАНТ БРОЈ:9/2020

Овој Договор за грант („Договор") склучен на ден 18.11.2020 година, помеѓу

1. **Министерство за труд и социјална политика** на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст „Министерство"), со адреса Даме Груев број 14, Скопје, Република Северна Македонија;

2.**Општина Крива Паланка** (во понатамошниот текст „Општина"), со адреса на ул. „Св. Јоаким Осоговски" бр.175, 1330 Крива Паланка, Република Северна Македонија и

3.**Црвен Крст на Република Северна Македонија–ОО „Крива Паланка"**(во понатамошниот текст Давател на услуга/провајдер), со адреса ул.„Јоаким Осоговски"бр.159,1330 Крива Паланка, Република Северна Македонија

Страните се договорија за следното:

### ЧЛЕН 1- Општи услови

1.1 Министерството се обврзува да го финансира предлог **Проектот со број 10-3106/30 од** 04.05.2020 година, поднесен од страна на **ОпштинатаКрива Паланка** преку давателот на услугата **Црвен** Крст на **Република Северна Македонија-ОО Крива Паланка** за развој на социјални услуги од видот Помош и нега во домот за стари лица.

1.2 Услугата обезбедува помош во вршење на основни (лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет, менување на пелени) и инструментални (поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија) активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои неможат сами да се грижат за себе, со цел да продолжат да живеат во сопствениот дом и да водат независен живот во заедницата. Услугата опфаќа 40 стари лица, кои ќе ја добиваат услугата согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот. („Службен Весник на РСМ" бр.268/2019).

**ЧЛЕН 2 -Вредност на Грантот и Намена на средствата од Грантот**

2.1. Министерството ќе обезбеди Грант во висина **до 11.034.000 денари** за финансирање на Проектот за развој на социјални услуги ("Проект" во понатамошниот текст).Средствата од грантот ќе се користат единствено за финансирање на развој на социјални услуги за помош и нега во домот. Висината на средствата од Грантот ќе се пресмета како збир на:

Трошоци за воспоставување на социјална услуга во висина **до 1,818,000** (Прилог 1) и Вкупни трошоци за давање на услуга по проектиран број на приматели на услугатат е согласно бројот на негователи за доставување на услугата за 12 месеци во висина од максимален износ **до 9.216.000**денари.

Трошоците ќе се пресметуваат врз основа на Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот („Службен Весник на РСМ" бр.268/2019), Методологијата за пресметка на трошоци за воспоставување на предложената услуга, вклучувајќи го и трошковникот за воспоставување на услугата, Методологијата за формирање на цената на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга („Сл. Весник на РСМ" бр.264/19) и Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за дневен пре
стој и за вон-семејна заштита за 2020 година и врз основа на предлог проектот поднесен од страна на давателот на услугата кој ги вклучува планираните трошоци за воспоставување и обезбедување на услугата.

Највисокиот износ на грантот за трошоците за воспоставување на услуга ќе се пресметува врз основа на Методологијата на трошоци за воспоставување на предложената услуга, вклучувајќи го и трошковникот за воспоставување на услугата и врз основа на предлог проектот поднесен од страна на обезбедувачот на услугата кој ги вклучува планираните трошоци за воспоставување и обезбедување на услугата.

Доколку трошоците за воспоставување на услугата предвидени во предлог проектот се над трошоците пресметани согласно Методологијата на трошоци за воспоставување на предложената услуга, вклучувајќи го и трошковникот за воспоставување на услугата, највисокиот износ на грантот ќе се пресмета врз основа на пресметките дадени во Методологијата на трошоци за воспоставување на предложената услуга, вклучувајќи го и трошковникот.

Доколку трошоците за воспоставување на услугата предвидени во предлог проектот се помалку од трошоците пресметани согласно Методологијата на

трошоци за воспоставување на предложената услуга, вклучувајќи го и трошковникот за воспоставување на услугата, највисокиот износ на грантот ќе се пресмета врз основа на предложениот буџет за воспоставување на услуга даден во Предлог проектот.

## ЧЛЕН 3 - Плаќања

3.1 Плаќањата ќе се вршат директно на давателот на услугата/провајдерот од страна на Министерството т.е. Единицата за управување со Проектот (ЕУП)

3.1.1. 50% од вкупните трошоци за воспоставување на услугата во согласност со Методологијата на трошоци за воспоставување на предложената услуга, вклучувајќи го и трошковникот за воспоставување на услугата ќе се исплати на давателот на услугата/провајдерот во рок од 15 дена по потпишувањето на Договорот за грант во вредност до 909.000 денари, по отворање на специјална наменска сметка за средствата од грантот од страна на обезбедувачот на услугата и по доставување на Барање за исплата од страна на давателот на услугата до МТСП/ЕУП.

3.1.2 50% во висина **до 909.000**денари од вкупните трошоци за воспоставување на социјалната услуга во согласност со Методологијата на трошоци за воспоставување на предложената услуга, вклучувајќи го и трошковникот за воспоставување на услугите ќе се исплати на давателот на услугата/провајдерот во рок од 15 дена од поднесување на фактури/сметкопотврди за трошоците направени со средствата од првата исплата од 50% за воспоставување на услугата и по доставување на Барање за исплата од страна на давателот на услугата до МТСП/ЕУП.

При воспоставување на услугата-поднесување на фактури/сметкопотврди за трошоците направени со втората исплата на 50% од износот за воспоставување на услугата, се доставуваат и копии од најмалку 3 понуди за направените трошоците во износ над 120.000, 00 МКД.

Доколку направените трошоци согласно доставените фактури/сметкопотврди (за првата и втората исплата на средствата за воспоставување на услугата) се над средствата добиени за воспоставување на услугата, разликата ќе ја надомести давателот на услугата/провајдерот. Во друг случај кога направените трошоци согласно доставените фактури/сметкопотврди (за првата и втората исплата на средствата за воспоставување на услугата) се помалку од средствата добиени за воспоставување на услугата, за оваа разлика ќе се намали месечната исплата на средства за давање на услугата т.е. давателот на услуга ќе прими помалку средства

или нема да добие средства се додека не се покрие разликата во средствата кои се примени и средствата кои се потрошени.

3.1.3 Месечни трошоци за испорака на услугата согласно бројот на активни корисници на услугата (корисници кои имаат решение за обезбедување на услугата издадено од месонадлежниот ЦСР) не земајќи ги во предвид трошоците за партиципација дефинирани во Правилникот за видот и обемот на услугите од социјална заштита кои се плаќаат од страна на корисникот и висината на учеството во трошоците на корисникот и лицата кои се должни да го издржуваат врз основа на други прописи (Сл.Весник на РМ, бр.177/18), ќе се исплаќа 12 месеци врз база на:

- Месечен извештај за испорачаната услуга доставен од страна на давателот на услугата одобрен од соодветниот Центар за социјална работаи од општината,каде ќе биде наведен бројот на активни корисници на услугата за тековниот месец, вклучувајќи го бројот на часови на испорачана услуга (корисници кои имаат решение од соодветниот ЦСР за користење на социјалната услуга)
- Доставена копија од дозволата за работа ( Лиценцана почетокот на испораката);
- Доставено барање за исплата;

## ЧЛЕН 4-ПРАВИЛА И УСЛОВИ

4.1 Износот на Грантот утврден во член 2.1 од овој Договор за Грант ќе се користи само за финансирање на процес на воспоставување и давање на социјална услуга.

4.2 Давателот на услуга/провајдерот мора да отвори и одржува наменска сметка во банка во кој ќе се евидентираат сите трансфери на средства поврзани со овој грант. Оваа сметка ќе се користи само за целите на овој грант.

4.3 По воспоставувањето на социјалната услуга, во пресметката на бројот на корисници кој ја користеле услугата во месецот, плаќање ќе се направи само за оние корисници кои имаат добиено решение од ЦСР дека имаат потреба од користење соодветната социјална услуга

4.4. Давателот на услуга мора да поседува соодветна документација за употребата на средствата од грантот. Оваа документација мора да биде достапна за супервизијата која ќе биде извршена од ЕУП или од Светска банка или од надзорешен ревизор. (назначен од ЕУП)

4.5 Оправдани трошоци за финансирање со средствата од грантот ќе бидат трошоците утврдени во: Методологијата на трошоци за воспоставување на предложената услуга, Методологијата за формирање на цената на услугите во зависност од стандардите и нормативите за давање на социјалната услуга („Сл. Весник на РСМ" бр.264/19) и Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за дневен престој и за вон-семејна заштита за 2020 година или за годината во која се извршува услугата и врз основа на предлог проектот поднесен од страна на давателот на услугата кој ги вклучува планираните трошоци за воспоставување и обезбедување на услугата.

Доколку има разлика во цената на услугата утврдена со **Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги** за тековната година и **Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги** за наредната година, за следната година се потпишува анекс на Договорот и се утврдува нова цена на испораката на услугата согласно новата пресметка.

4.6 Давателот на услугата/провајдерот мора да ја воспостави услугата во рок од 5 месеци по добивање на првата рата од средствата на грантот (или во рок од повеќе месеци доколку давателот на услугата ги завршил своите обврски и активности за да добие дозвола за работа/ лиценца , но доцнењето е предизвикано од донесувањето на процедурите за добивање на работна дозвола од страна на државните органи) т.е да добие работна дозвола (лиценца за работа) потребна за да започне да работи согласно со Законот. Претставници на МТСП/ЕУП по 5 месеци ќе го посетат давателот на услуга/провајдерот (или повеќе од причина која не зависи од давателот на услуга/провајдерот) и доколку утврдат дека услугата не е воспоставена и давателот на услуги нема добиено дозвола за работа (лиценца) а за истото немал законски пречки,МТСП/ЕУП ќе започнат процедура за враќање на средствата од авансот со камата, и нема да се направи ниедно друго плаќање кон давателот на услугата/провајдерот.

4.7 Давателот на услугата секој месец ќе поднесува извештај до ЦСР и општината во врска со испораката на услугата( видот, активниот број на корисници, бројот на часови на испорака на услугата по корисник неделно, структурата на корисниците, областа каде услугата е направена, просториите и опремата која се користи, број и квалификации на персоналот кој е ангажиран, преземените мерки за обезбедување на квалитет, итн).

4.8 Доколку испораката на услугата е квалитетна, може да се потпише анекс на овој договор за грант за дополнително финансирање на испораката/давање на услугата која веќе била воспоставена со средствата од овој Договор за Грант.

4.9 Опремата набавена со овој грант (ИТ опрема, возила и други средства за транспорт, канцелариски мебел) се користи исклучиво за потребите на испораката на услугата.

4.10 Во случај да престане да се испорачува услугата, Давателот на услугата се обврзува сопственоста на опремата од точка 4.9 да ја пренесе на Општината во рок од 15 дена од денот на престанокот на испораката. За обврската за пренесување на сопственоста Давателот на услугата и Општината потпишуваат посебен договор кој е солемизиран кај овластен надлежен нотар.

4.11 Корисникот на средствата се обврзува на сите материјали (печатени и електронски), на опремата што ќе ја носат испорачателите на услугата (униформи, маици, беџови) кои ќе бидат финансирани согласно овој Договор, на видно место да го стави логото на Министерството за труд и социјална политика игрбот или логото на Општината.

Исто така, Давателот на услугата и Општината корисник го определуваат името на општинскиот сервис за социјални услуги и брендингот по кој што истиот ќе биде препознаен на територијата на Општината каде ќе се испорачува.

## ЧЛЕН 5 – СУПЕРВИЗИЈА И МОНИТОРИНГ НА РАБОТЕЊЕТО

Супервизија на имплементацијата на проектот, т.е. работата на давателот на услугата/провајдерот ќе се извршува од страна на МТСП, Центрите за социјална работакои ги покриваат општините каде услугите треба да се даваат, Заводот за социјални дејности, како и од самата Општина.

ЦСР во соработка со назначено лице од Општината ќе ги посетува давателите на услуги најмалку еднаш месечно со цел да проверат дали ги исполнуваат обврските од договорот за испорака на услугите.

Во продолжение ЦСР и Општината ќе бидат одговорни за одобрување/одбивање на месечниот извештај поднесен од давателот на услугата/провајдерот во врска со испораката на услугата вклучувајќи го и бројот на активни корисници и вклучувајќе го и бројот на часови на давање на услугата.

4.8 Доколку испораката на услугата е квалитетна, може да се потпише анекс на овој договор за грант за дополнително финансирање на испораката/давање на услугата која веќе била воспоставена со средствата од овој Договор за Грант.

4.9 Опремата набавена со овој грант (ИТ опрема, возила и други средства за транспорт, канцелариски мебел) се користи исклучиво за потребите на испораката на услугата.

4.10 Во случај да престане да се испорачува услугата, Давателот на услугата се обврзува сопственоста на опремата од точка 4.9 да ја пренесе на Општината во рок од 15 дена од денот на престанокот на испораката. За обврската за пренесување на сопственоста Давателот на услугата и Општината потпишуваат посебен договор кој е солемизиран кај овластен надлежен нотар.

4.11 Корисникот на средствата се обврзува на сите материјали (печатени и електронски), на опремата што ќе ја носат испорачателите на услугата (униформи, лисици, беџови) кои ќе бидат финансирани согласно овој Договор, на видно место да го стави логото на Министерството за труд и социјална политика игрбот или логото на Општината.

Исто така, Давателот на услугата и Општината корисник го определуваат името на општинскиот сервис за социјални услуги и брендингот по кој што истиот ќе биде препознаен на територијата на Општината каде ќе се испорачува.

## ЧЛЕН 5 – СУПЕРВИЗИЈА И МОНИТОРИНГ НА РАБОТЕЊЕТО

Супервизија на имплементацијата на проектот, т.е. работата на давателот на услугата/провајдерот ќе се извршува од страна на МТСП, Центрите за социјална работакои ги покриваат општините каде услугите треба да се даваат, Заводот за социјални дејности, како и од самата Општина.

ЦСР во соработка со назначено лице од Општината ќе ги посетува давателите на услуги најмалку еднаш месечно со цел да проверат дали ги исполнуваат обврските од договорот за испорака на услугите.

Во продолжение ЦСР и Општината ќе бидат одговорни за одобрување/одбивање на месечниот извештај поднесен од давателот на услугата/провајдерот во врска со испораката на услугата вклучувајќи го и бројот на активни корисници и вклучувајќе го и бројот на часови на давање на услугата.

## ЧЛЕН 10 –РЕЗОЛУЦИЈА НА СПОРОВИ

10.1 Сите спорови и разлики во мислењето за овој Договор за Грант ќе се решаваат согласно законите на Република Северна Македонија.

Договорот е направен во 6 оригинални примероци на македонски јазик.

Скопје, дата на склучување 18 .11.2020

**За Министерството за труд и социјална политика**
**МИНИСТЕР**
г-ѓа Јагода Шахпаска

**Општина Крива Паланка**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
г-дин Борјанчо Мицевски

**За Давателот на услугата**
**Црвен Крст на Република Северна Македонија-ОО Крива Паланка**
**Секретар**
г-дин Дарко Пешовски

Прилог 1 Трошковник за воспоставување на услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-537/5
24.02 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**До**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**
За службеното лице за посредување со информации-
Помлад Соработник за управување со квалитет – службено лице за посредување со информации
**Лидија Митовска**

**ПРЕДМЕТ: Достава на информации**
**Ваш допис арх. Бр 18-537/3 од 21.02.2022**

Почитувани,

Врз основа на Барањето за достава на информации од јавен карактер доставено до Одделение за финансиски прашања, а во врска со Барање за податоци од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство за распределба и доделување на финансиски средства од буџетот на општина Крива Паланка точка 4 и точка 5 од барањето, ве известуваме дека

- во годините 2019, 2020 и 2021 година не се планирани средства за активности поврзани со родово - базирано насилство и семејно насилство и следствено на истото не се иплаќани средства за тие намени, меѓутоа исплатена е Еднократна парична помош за лица кои се обратиле до службите со барање парична помош во кое како една од причина за ситуацијата во која се наоѓаат е и семејно насилство врз жена.
- За 2022 година се предвидени средства во буџетот на општината за здруженија на граѓани и фондации во износ од 200.000 денари и останати трансфери до невладини организации во износ од 300.000.

  Забелешка: исплатата на истите се заснова врз објавување на јавен повик до здруженија и поднесено барање од страна на здруженијата, одобрено плаќање кон истите.

Изготвил
Одделение за финансиски прашања
Марија Златановска

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-537/6**
**01.03.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/1-3

**Од одделение за јавни дејности,**
**економски развој и информатичка технологија**

**До службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ**
**Врска, барање бр. 18-537/1, 21.02.2022**

Почитувани, постапувајќи по барањето бр. 18-537/1, 21.02.2022 од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство Скопје, согласно нашите надлежности Ви ги доставуваме бараните информации и тоа:

1. **Информација за точка 1 од барањето:**
   Во 2021 година општината нема спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово – базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и рурални средини за 2021 година.

Место и датум : 02.03.2022г.
Крива Паланка

Координаторка за еднакви можности,
Лидија Митовска

Раководител на одделение за јавни дејности,
економски развој и информатичка технологија
Антонио Давитковски

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-537/7**
**02.03.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/1-5

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи Барање бр. 18-537/1, 21.02.2022 од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР** на барањето бр. 18-537/1, 21.02.2022 од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство Скопје.
Бараните информации се доставуваат на барателот со акти **КАКО ПРИЛОГ** кон решението и тоа:

1. Акт бр. 18-537/4, 24.02.2022
2. Акт бр. 18 -537/5, 24.02.2022г.
3. Акт бр. 18-537/6, 01.03.2022г.

***Образложение***

Здружение на Граѓани Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство Скопје, достави барање на ден 21.02.2022г. наш бр. 18-537/1, за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

Со барањето бр. 18-537/1, 21.02.2022 барателот ги бара следните информации од јавен карактер и тоа:

1. Дали општината има спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово – базирано насислтво, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и рурални средини за 2021 година?
   -Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локлани трибини, средби со населението имате одржано , дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано.
   -Доколку имате објавено мна социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од ниваната објава.

2. Дали во вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги

подготвите или дел да ги ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насислтво?

- Доколку одговорот е Да, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планирате нови документи каде би ја вклучиле.

3. Дали општина Крива Паланка има аплицирано на Јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска подршка од меѓународната банка за обнов аи развој ( Кредит бр. 8902-МК)?
-Доколку одговорот е Да ве молиме наведете за кој вид на социјални услугиви беше проектната апликација.
-дали ви беше доделен грант по овој јавен повик и за кој износ?
-Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.

4. Колку средства од буџетот на Општина Крива Паланка се наменети и доделени на граѓански организации за спроведување на активности поврзани со родово – базирано насилство и семејно насилство? Ве молиме податоците поделете ги по година, одделно за 2019, 2020, и 2021 година, име на организација која добила средства, наслов на прокет висина на доделена финансиска подршка и постигнати резултати.

5. Колку средства од буџетот на општина Крива Паланка се наменети и да бидат доделени на граѓански организации за спроведување на активности поврзани со родово базирано насилство и семејно насислтво за 2022 година?

**Доставувањето на бараните информации се врши со актите- писмената како прилог кон ова решение и тоа:**

- Акт бр. 18-537/4, 24.02.2022 на одделнието за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија.
- Акт бр. 18 -537/5, 24.02.2022г. одделение за финансиски прашања
- Акт бр. 18-537/6, 01.03.2022г. на координаторката за еднакви можности, одделнието за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информација го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**